**20241793113**

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 74/24), член 16 став 17, член 21 став 7, член 22 став 6, член 23 став 8, член 26 став 8, член 27 став 7, член 39 став 8, а во врска со член 17 и 18 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22 и 64/24), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛИ И СОГЛАСНОСТИ НА ПЛАТЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА И ИНСТИТУЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ПАРИ И ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТРИТЕ**

1. Во Одлуката за издавање дозволи и согласности на платежна институција и институција за електронски пари и за содржината и начинот на водење на регистрите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 289/22), во точката 4 потточка 4.5 став 2 алинеја 4, се менува и гласи:

„- копија од нацрт рамковниот договор во согласност со член 53 од Законот и / или копија од нацрт-договорот за издавање електронски пари во согласност со член 67 од Законот;“.

Во потточката 4.17 став 1 алинеја 1, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“, а алинејата 7 се брише.

Алинеите 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14, стануваат алинеи 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13.

2. Во точката 10, по зборот: „предложените“, се додаваат зборовите: „лица за“.

3. Во точката 18 став 1, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“, а зборовите: „90 (деведесет)“ се заменуваат со зборовите: „120 (сто и дваесет)“.

4. Во точката 19 став 1, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

5. Во точката 21 став 2, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

6. Во точката 24 став 1, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

7. Во точката 33 став 1, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

8. Во точката 38, по зборот „предложените“, се додаваат зборовите: „лица за“.

9. Во точката 39 став 1, зборовите: „Народната банка оценува“ се заменуваат со зборовите: „се оценува“.

Во ставот 4, зборот: „гувернерот“ се заменува со зборовите: „Извршниот одбор“.

10. Во точката 40 став 1, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“, а зборовите: „60 (шеесет)“ се заменуваат со зборовите: „90 (деведесет)“.

11. Во точката 41, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

12. Во точката 43, по зборот „врски“, се додава зборот: „или“.

13. Во точката 44, по зборот „врски“, се додава зборот: „или“.

14. Во точката 48 став 1, зборовите: „Народната банка оценува“ се заменуваат со зборовите: „се оценува“.

15. Во точката 49 став 1, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“, а зборовите: „60 (шеесет)“ се заменуваат со зборовите: „90 (деведесет)“.

16. Во точката 51, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

17. Во точката 53 став 1, зборовите: „Народната банка го оценува“ се заменуваат со зборовите: „се оценува“.

18. Во точката 54 став 1, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

19. Во точката 55 став 2 алинеја 4, се менува и гласи:

„- податоци за идентитетот на членовите на органот на управување на агентот и доколку агентот не е давател на платежните услуги или издавач на електронски пари, документацијата од точката 4 потточка 4.17 алинеи 11, 12 и 13 од оваа одлука;“.

20. Во точката 58 став 1 потточка 1, се менува и гласи:

„1) на барање на платежната институција или институцијата за електронски пари;“.

21. Во точката 65 став 1 алинеи 1 и 3, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

22. Во точката 66, став 1 алинеи 2, 6, 13, 16, 18 и 21, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

23. Во точката 67 став 1 алинеи 1 и 3, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

24. Во точката 68, став 1 алинеи 2, 6, 12 и 14, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

25. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-30210/4
29 август 2024 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.